РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН МУЗИЧКО-БАЛЕТСКИ УЧИЛИШЕН ЦЕНТАР
"ИЛИЈА НИКОЛОВСКИ ЛУЈ"
Бр. 03-813/1
12.12. 2017 год.
СКОПЈЕ

Писмо за поддршка

Почитувани,

На неодамна остварена средба со управителот на Булфрогс Продукција Александра Никифоровски, имав можност подетално да се запознаам со нивните програми и планови за работа за 2018 година. Како директор на Државно музичко-балетскиот училишен центар "Илија Николовски-Луј" можам со задоволство да кажам дека училиштето работи многу квалитететно и професионално.

Во контекст на погоре напишаното, разговаравме за можна соработка помеѓу Булфрогс продукција и ДМБУЦ. Нашата соработка во иднина би се засновала на вклучување на неколку квалитетни ученици од повисоките класи од ДМБУЦ "Илија Николовски-Луј" во дел од ансамбловите игри на Булфрогс балетските продукции. Соработки од ваков вид можат да придонесат за квалитетен развој на младите уметници кои и самите во иднина треба да соработуваат. Дотолку повеќе, на ваков начин можеме да ја зајакнеме врската помеѓу државниот и приватниот сектор и да ја подучуваме младата генерација за отворени соработки од ваков вид.

Земајќи го предвид изнесеното, задоволство ми е да кажам дека оваа приватна балетска продукција делува исклучително квалитетно во областа на балетската уметност во Македонија. Токму затоа ја упатам својата поддршка за Булфрогс продукција како дел од годишната програма за култура на Град Скопје, сметајќи дека е од клучно значење Градот Скопје да поддржува културно образовни активности кои во фокусот ги ставаат децата и младите.

Срдечно,

Јован Бицевски
Директор

ДРЖАВЕН МУЗИЧКО-БАЛЕТСКИ УЧИЛИШЕН ЦЕНТАР "ИЛИЈА НИКОЛОВСКИ-ЛУЈ" Република Македонија СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН МУЗИЧКО-БАЛЕТСКИ УЧИЛИШЕН ЦЕНТАР
"ИЛИЈА НИКОЛОВСКИ ЛУЈ"
Бр. 03-127/1
09.11. 2017 год.
СКОПЈЕ

Државен Музичко Балетски Училишен Центар
"Илија Николовски-Луј" - Скопје
Црвена Скопска Општина бр.4, Скопје, Македонија
тел.: 02 3115 527, факс: 02 3119 004
e-mail: dmbuc.mkd@gmail.com web: www.dmbuc.edu.mk

State Music and Ballet Education Centre
"Ilija Nikolovski - Luj" - Skopje
Crvena Skopska Opstina no.4, Skopje, Macedonia
tell: +389 2 3115 527, fax: +389 2 3119 004
e-mail: dmbuc.mkd@gmail.com web: www.dmbuc.edu.mk

**ДО**
**Министерство за култура на Р. Македонија**
Сектор за дејности од областа на културата и уметноста
Одделение за фолклор, музичка и музичко-сценска дејност

**Предмет: Писмо за поддршка**

Почитувани,

На неодамна остварена средба со управителот на Булфрогс Продукција Александра Никифоровски, имав можност подетално да се запознаам со нивните програми и планови за работа за 2018 година. Како директор на Државно музичко-балетскиот училишен центар „Илија Николовски - Луј" можам со задоволство да кажам дека балетот "Сон на летната ноќ" е исклучително квалитетен, професионално сработен и одигран балет.

Во контекст на погоре напишаното, разговаравме за можна соработка во истоимениот проект помеѓу Булфрогс продукција и ДМБУЦ. Нашата соработка во иднина, доколку се реализира репризата на балетот, би се засновала на вклучување на неколку квалитетни ученици од повисоките класи во дел од ансамбловите игри од балетот. Соработки од ваков вид можат да придонесат за квалитетен развој на младите уметници кои и самите во иднина треба да соработуваат. Дотолку повеќе, на ваков начин можеме да ја зајакнеме врската помеѓу државниот и приватниот сектор и да ја подучуваме младата генерација за отворени соработки од ваков вид.

Земајќи го предвид изнесеното, сметам дека оваа приватна балетска продукција делува исклучително квалитетно во областа на балетската уметност во Македонија. Токму затоа, ми претставува задоволство да ја упатам својата поддршка за Булфрогс продукција како дел од националната програма за култура на Министерството за култура. Сметам дека е од клучно значење балетот, како уметност да се развива преку квалитетни и сериозни продукции како „Сон на летната ноќ", за чија комплетна реализација е неопходна поддршка од државните институции.

Со почит,

ДМБУЦ "Илија Николовски-Луј"-Скопје
Директор

/ Јован Бицевски /

Доставено до:
- **Министерство за култура на Р. Македонија**
- архива